Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравствено осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011) и член 45 став 4 од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.111/2000, 4/2001, 71/2001, 23/2002, 55/2004, 30/2006, 26/2007, 59/2008, 64/2008, 128/2008, 164/2008, 7/2009, 22/2009, 73/2009, 116/2009, 139/2009, 140/2009, 9/2010, 13/2010, 44/2010, 81/2010, 105/2010, 154/2010, 171/2010, 105/2011, 115/2011 и 144/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 15 декември 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката**
**за утврдување на лековите кои може да ги препишуваат лекарите во**
**дежурната служба**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на лековите кои може да ги препишуваат лекарите во дежурната служба број 02-10378/12 од 04 јули 2011 година, во членот 1 во табелата се вршат следните измени и дополнувања:

Кај АТС кодот J01CA04 - „Amoxicillin** – капсули/филм обложени таблети СРЈ" и „Amoxicillin**-суспензија 250mg/5ml", во колоната 7-„Режим на препишување", ознаката „R" се заменува со ознаката „R/D". Во делот на индикациите после зборовите „инфекции на респираторен систем: синусит, отит, акутни и рецидивантни бронхитиси, бронхопневмонија, генитоуринарни инфекции, инфекции на гастер и дуоденум со Helicobacter pylori" се додаваат зборовите: „тонзилофарингит, профилакса на бактериски ендокардитис при хируршки процедури во устата и горните респираторни патишта ".

Кај АТС кодот R03AC02- „Salbutamol-таблети 2mg", во колоната 7- „Режим на препишување", ознаката „ RS " се заменува со ознаката „R".

Кај АТС кодот R03AC02-„Salbutamol-аеросол 0,1mcg/doza", „Salbutamol- раствор за инхалација 5mg/ml" и „Salbutamol-сируп 2mg/5ml ", во колоната 7 - „Режим на препишување", ознаката „ R/RS R- лекот го пропишува избран лекар-специјалист педијатар самостојно" се заменува со ознаката „R".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број: 02-18660/11**
**15 декември 2011 година**
**Скопје**

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Јован Грповски**